ТРКАЛЕЗНА МАСА

# „ИЛЈАДА ГОДИНИ ОД БИТКАТА НА БЕЛАСИЦА И СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ"

Тркалезната маса се организира по повод илјададагодишнината од смртта на цар Самоил

Скопје, 6 ноември 2014 година

Институтот за национална историја и Македонската академија на науките и уметностите организираат Тркалезна маса со наслов „ИЛЈАДА ГОДИНИ ОД БИТКАТА НА БЕЛАСИЦА И СМРТТА НА ЦАР САМОИЛ" што ќе се одржи во Скопје на 6 ноември 2014 година.

Ценејќи го научниот придонес и интересот за оваа проблематика, Организациониот одбор очекува самите научни работници и истражувачи да се определат за некоја од наведените или блиски теми и пријавата да ни ја испратат најдоцна до 15 септември 2014 година на е-пошта: romaion@gmail.com заедно со резиме до 400 зборови. Одборот има намера благовремено да ги објави резимеата од пријавените реферати.

По одржувањето на Научниот собир изнесените реферати ќе бидат објавени во посебен зборник. Целата верзија на трудовите треба да биде лекторирана, во формат Word и да се достави на е-пошта: romaion@gmail.com .

Очекувајќи го Вашиот одзив, Организациониот одбор Ви благодари за соработката и за придонесот.

П р е т с е д а т е л
на Организациониот одбор

_______________________________

ПРИЛОГ

# Тези за тркалезната маса:

1. Идеологија, идентитет, етницитет: воспоставување на Самоиловата држава.
2. Самоил во изворните материјали: конструкција-деконструкција.
3. Конфликтот со Византија: Самоил како воен стратег.
4. Дипломатските активности на Самоил.
5. Црковната организација во Самоиловата држава.
6. Самоил како дел од балканското и македонското културно наследство.